Влада на Република Северна Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА ЗАВРШЕНА СО ИЗРЕКУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКА МЕРКА ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Дел. Бр. 149 –88 /1

Датум: 04.02.2026 година

Место: Скопје

**Предлага:** м-р Васе Анакиев

Директор,

Државен инспекторат за земјоделство

**(м.п.)**

**Одобрил:** Цветан Трипуновски

Министер

за земјоделство, шумарство и водостопанство

**(м.п.)**

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И
ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА ЗАВРШЕНА СО ИЗРЕКУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКА МЕРКА

ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Дел. Бр. 149 –88 /1
Датум: 04.02.2026 година
Место: Скопје

**Предлага:** м-р Васе Анакиев
Директор,

Државен инспекторат за земјоделство

**(м.п.)**

**Одобрил:** Цветан Трипуновски
Министер
за земјоделство, шумарство и
водостопанство

**(м.п.)**

Врз основа на член 49 став (1), член 55 став (1), член 56 став (1) и член 58 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019, 110/2019, 154/2019 и 121/2024), а согласно член 66 став (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 135/2025 и 269/2025), Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, на предлог на директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА ЗАВРШЕНА СО ИЗРЕКУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКА МЕРКА ЗА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

## Општи одредби
## Член 1

(1) Со овој правилник се уредува начинот на определувањето на висината на трошоците за вршење на инспекциски надзор од страна на надлежните инспектори при Државниот инспекторат за земјоделство, и ги опфаќаат посебните издатоци во готови пари на инспекцијата што ја води инспекциската постапката, како што се: патните трошоци на инспекторите, издатоците за сведоци, вештаци, толкувачи, увид, анализа на примерок и слично, а кои настанале со спроведувањето на инспекциската постапката и по правило ги поднесува оној на чија штета е завршена инспекциската постапка.
(2) Трошоците од ставот (1) на овој член, за постапка која е завршена без изрекување на инспекциска мерка, се на товар на инспекциската служба која го спровела инспекцискиот надзор.
(3) Трошоците од ставот (1) на овој член, за постапка која е завршена со изрекување на инспекциска мерка од членот 68 од Законот за инспекциски надзор, кога со решение се изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор, освен опомена, се на товар на субјектот на инспекциски надзор.

## Трошоци
## Член 2

Трошоците во овој правилник се определуваат согласно член 66 став (1) од Законот за инспекциски надзор и ги опфаќаат посебните издатоци во готови пари настанати со спроведувањето на инспекциската постапка, како што се:

- патни трошоци на инспекторите,
- издатоци за сведоци,
- издатоци за вештаци и стручни лица,
- издатоци за толкувачи,
- издатоци за увид,
- издатоци за земање и анализа на примероци,
- и други слични издатоци неопходни за спроведување на инспекциската постапка.

## Трошоци за спроведениот инспекциски надзор
## Член 3

(1) Висината на трошоците за спроведениот инспекциски надзор се определува врз основа на реално направени посебни издатоци во готови пари, настанати при спроведување на инспекциската постапка, утврдени со соодветен доказ (фискална сметка, фактура и друг финансиски документ).

(2) Како трошоци од став (1) на овој член се сметаат и трошоците за обезбедување, чување и транспорт на привремено одземени предмети, кога истите се преземени согласно закон, до нивно предавање на надлежниот орган.
(3) Во случај на непостапување или делумно постапување по инспекциски акт, трошоците за преземените понатамошни дејствија во инспекциската постапка се утврдуваат како реално направени трошоци и паѓаат на товар на субјектот на инспекциски надзор, согласно член 66 од Законот за инспекциски надзор.
(4) Во постапките поведени по барање или по службена должност од овластени органи, како и во случаи на заштита на јавниот интерес, соодветно се применуваат одредбите од посебните закони, Законот за општата управна постапка, Законот за прекршоците, Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка.
(5) Трошоците за ангажирање на стручни, вешти и други лица неопходни за спроведување на инспекциската постапка се утврдуваат според реално направените издатоци, врз основа на приложена веродостојна документација.
(6) Во трошоците од овој член не се вклучени трошоците за мерења и лабораториски анализи од член 4 и трошоците за превоз од член 5 од овој правилник.

**Трошоците за правење на потребни мерења и анализи на примероци**
**Член 4**

(1) Посебни дејствија во инспекциската постапка се земање примероци за вршење на потребни мерења и лабораториски анализи неопходни за спроведување на постапката.
(2) Надлежниот инспектор ја определува висината и начинот на реално направените трошоци во постапката, врз основа на приложена веродостојна финансиска документација.

**Трошоците за превоз**
**Член 5**

(1) Трошоците за превоз на инспекторите при вршење на инспекциски надзор се утврдуваат како реално направени трошоци за гориво и други неопходни издатоци за превоз, врз основа на соодветна финансиска документација.
(2) Трошоците од став (1) на овој член се пресметуваат според бројот на изминати километри од седиштето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државниот инспекторат за земјоделство, односно од најблиската подрачна канцеларија, до местото на вршење на инспекцискиот надзор и враќање до местото на поаѓање.
(3) Во случаите кога инспекцискиот надзор го врши инспектор кој не е распределен на подрачјето каде се наоѓа субјектот на инспекциски надзор, трошоците за превоз се пресметуваат од најблиската подрачна канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државниот инспекторат за земјоделство каде што има распределен инспектор од соодветното ниво.
(4) Кога инспекцискиот надзор, согласно утврдениот коефициент на сложеност и по налог на директорот или овластено раководно лице во Инспекторатот, го врши инспектор од повисоко ниво поради тоа што во подрачјето каде се наоѓа субјектот на инспекциски надзор нема распределен инспектор од соодветното ниво, трошоците за превоз се пресметуваат од седиштето, односно од подрачната канцеларија во која е распределен инспекторот кој го врши надзорот. При определување на инспекторот се води сметка за рационалност и економичност, со цел да не се предизвика неоправдана штета ниту на буџетот, ниту на странката.
(5) Кога се врши контролен инспекциски надзор, трошоците за превоз се утврдуваат како реално направени трошоци за секое поединечно извршено дејствие.

**Висината и начинот на определување на реално направените трошоци**
**Член 6**

(1) Висината и начинот на определување на реално направените трошоци за инспекциската постапка се утврдуваат врз основа на преземените дејствија во постапката и се евидентираат во унифициран Образец АА.
(2) Во унифицираниот Образец АА, трошоците се утврдуваат:
- како минимални или стандарден административни трошоци, кога поради својата природа не можат поединечно да се докажат, и
- како реално направени трошоци, врз основа на обезбедени докази: фискална сметка, профактура, фактура, потврда за трошоците и друга валидна документација.

(3) Трошоците за превоз се утврдуваат врз основа на податоците од Табелата за пресметка на трошоци за превоз и се внесуваат во унифицираниот Образец АА.

**Надомест на трошоците**
**Член 7**

(1) Субјектот на инспекцискиот надзор е должен во рок од 15 дена од денот на утврдувањето на трошоците да изврши уплата на износот на направените трошоци од инспекциската постапка, на ПП 50 образец, на трезорската сметка 100-0000000630-95, сметка на буџетски корисник 1400100280-631-19, приходна шифра и програма 725930 31, со цел на дознака: „Трошоци за инспекциска постапка завршена со изрекување на инспекциска мерка – ИП1 број _______ од _______“.
(2) Доколку субјектот на инспекцискиот надзор не ги надомести утврдените трошоци во рокот од ставот (1) на овој член, ќе се спроведе присилна наплата, согласно одредбите од Законот за даночната постапка.

**Постапувањето со службените возила**
**Член 8**

При спроведување на инспекцискиот надзор, во делот на користење на службените возила, се применуваат одредбите од Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на Државниот инспекторат за земјоделство, набавки, начин на користење на горивото и начинот на користење и следење на GPRS системот, арх. бр. 02-952/1 од 02.11.2017 година, како и Правилникот за измена и дополнување, арх. бр. 03-796/1 од 20.09.2021 година и бр. 02-593/1 од 04.08.2025 година.

**Прилози**
**Член 9**

Унифицираниот Образец АА и Табелата за пресметка на трошоци за превоз се составен дел на овој правилник.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Престанок на важност**
**Член 10**

Со стапување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за утврдување на висината на трошоците за инспекциска постапка завршена со изрекување на инспекциска мерка, бр. 02-161/1 од 27.01.2020 година.

Започнатите постапки до денот на стапување во сила на овој правилник ќе се завршат согласно одредбите од Правилникот за утврдување на висината на трошоците за инспекциска постапка завршена со изрекување на инспекциска мерка, бр. 02-161/1 од 27.01.2020 година.

**Влегување во сила**

**Член 11**

Овој правилник стапува на сила со денот на неговото донесување, а ќе почне да се применува од 15.02.2026 година.

**Објава**

**Член 12**

Овој правилник ќе биде објавен на огласна табла во Државниот инспекторат за земјоделство, во сите подрачни канцеларии на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државниот инспекторат за земјоделство, како и на официјалната веб-страница https://diz.gov.mk/dokumenti/obrazci-tarifnici/.

**Образец АА**

Да се пополни и/или штиклира, како што е соодветно √.

Сите наведени податоци подлежат на *Законот за заштита на личните податоци*

## УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКА ПОСТАПКА ЗАВРШЕНА СО ИЗРЕКУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКА МЕРКА

Предмет: ИП1 бр.________________. од дата ._____.___.202_година

Овој образец служи за пресметка на трошоците за инспекциска постапка при изрекување на инспекциска мерка, и тоа:

☐ Задолжување ☐ Наредба ☐ Забрана ☐ Друга мерка

**Податоци за субјектот на инспекциски надзор**:
Име и презиме / Назив на субјект: ____________________________________________
Адреса: улица __________________________ број ______
Место: ________________________________
ЕМБГ ____________ или ЕДБГ/ЕМБС ____________
Контакт телефон: ____________________
Е-пошта: ______________________________

I. Трошоци за спроведен инспекциски надзор

| Вид на трошок | Основ | Износ (денари) |
|---|---|---|
| Административни трошоци за печатење, на инспекциски акти (хартија, тонер и слично) кои поради својата природа не можат да се утврдат поединечно | се утврдува како минимален административен трошок | 150,00 |
| Заверени копии (преписи) - нотар | По сметка (фискална сметка, фактура и друг финансиски документ) | __________ |
| **Вкупно – точка I** | | __________ |

II. Трошоци за превоз (податоци од **Табела за пресметка на трошоци за превоз**):

| Вид на гориво | Потрошувачка (л/100 км) | Изминати километри | Цена по литар (ден.) | Основен износ (ден.) | Амортизација 20% (ден.) | Вкупно (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бензин | 8 | ______ | ______ | ______ | ______ | ______ |
| Дизел | 7 | ______ | ______ | ______ | ______ | ______ |
| **Вкупно – точка II** | | | | | _____ _____ | |

III. Реално направени трошоци во инспекциска постапка

| Реден број | Вид на издаток | Лице / услуга | Доказ | Износ (денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Чување на привремено одземени предмети | ___________________ | Фактура / потврда | ___________ |
| 2 | Складирање / кирија одземени предмети/ уништување | ___________________ | Фактура / потврда | ___________ |
| 3 | Други неопходни издатоци | ___________________ | Документ | ___________ |
| **Вкупно – точка III** | | | | ___________ |

IV. Посебни издатоци во инспекциска постапка (*процесни трошоци поврзани со учество на лица и стручни услуги)*

| Вид на трошок | Основ | Износ (денари) |
|---|---|---|
| издатоци за сведоци, | по фактура | __________ |
| издатоци за вештаци и стручни лица, | по фактура | __________ |
| издатоци за толкувачи | по фактура | __________ |
| Други посебни издатоци неопходни за спроведување на инспекциската постапка | по фактура | __________ |
| **Вкупно – точка IV** | | __________ |

V. Реално направени трошоци за земање и анализа на примероци

| Вид на трошок | Назив на лабораторија/ овластено тело | Основ | Износ (денари) |
|---|---|---|---|
| Трошоци за земање и анализа на примероци за.________________. | ______________________ | по фактура/ потврда | __________ |
| **Вкупно – точка V** | | | __________ |

| Вид | Износ (денари) |
|---|---|
| ТРОШОЦИ - I | |
| ТРОШОЦИ – II | |
| ТРОШОЦИ - III | |
| ТРОШОЦИ - IV<br>ТРОШОЦИ - V | |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | |

**Правна поука**

Субјектот на инспекцискиот надзор е должен во рок од 15 дена од денот на утврдувањето на трошоците да изврши уплата на износот на реално направените трошоци на трезорската сметка на надлежниот орган, согласно прописите за трезорско работење (доказ:уплатница).

Во случај на ненамирување на обврската, ќе се спроведе присилна наплата согласно Законот за даночната постапка.

**Трезорска сметка:**
ПП 50 образец, Сметка: 100-0000000630-95, Буџетски корисник: 1400100280-631-19, Приходна шифра: 725930, Програма:31, Цел на дознака: „Трошоци за инспекциска постапка завршена со изрекување на инспекциска мерка – ИП1 бр. ______ дата ______"

Дата
__-__-__20__год.

○ Државен земјоделски инспектор | ○ Државен фитосанитарен инспектор

_________________________________

м.п